Врз основа на Одлуката за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на Општина Битола со бр.09- 22/8 од 26.02.2026 година , Советот на Општина Битола објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТОТ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

1. Советот за женско претприемништво на Општина Битола е советодавно работно тело на Советот на Општина Битола, основан со цел да работи на економско зајакнување на жените преку претприемништво. **Советот за женско претприемништво на Општина Битола брои 21 членови.**

2. Целта на Советот за женско претприемништво на Општина Битола е да ги претставува и застапува интересите на актуелните и потенцијални жени претприемачи во Општина Битола преку давање на мислења и препораки за прашања поврзани со женското претприемништво и родовата рамноправност, креирање на планови, стратегии и политики за поддршка на жените како и економско зајакнување на жените. Советот на женско претприемништво на Општина Битола има за цел да креира стимулативни програми за започнување на нови бизниси на жените кои имаат желба да почнат свој сопствен бизнис, да создава можности за раст и развој на жените претприемачи.

3. Кандидатите за членови во Советот за женско претприемништво на Општина Битола треба да ги исполнуваат следните услови:
- Да се жени со живеалиште и/или професионална активност на територија на Општина Битола;
- Да покажуваат интерес и мотивација за развој на женското претприемништво;
- Да се подготвени за активно учество (состаноци, настани, иницијативи);
- Да се жени претприемачи (сопственички на микро, мали и/или средни претпријатија, основачки на стартапи, занаетчии, креативни индустрии, социјални претприемачи);
- Да се жени на менаџерски и/или лидерски позиции (приватен, јавен, граѓански сектор);
- Жени активни во здруженија на граѓани што работат на женско претприемништво, родова еднаквост, економско зајакнување, рурален развој, социјална инклузија);
- Жени кои работат на истражување, консултанти, обучувачи, коучеви за бизнис развој;
- Да имаат претходно искуство во партиципативни процеси на донесување на одлуки на локално ниво;
- Да поседуваат способност да работат во тим и да почитуваат рокови;

4. Кандидатите за членови треба да ја поднесат следната документација како доказ за исполнување на условите од точка 3:
- Извод од матичната книга на родените или копија од лична карта или пасош;
- Кратка биографија (CV);
- Мотивациско писмо;

5. При селекција на кандидатите ќе се вреднуваат: лидерски капацитет, искуство во работа со жени претприемачи, мрежи и партнерства, учество во локални иницијативи,

искуство со проекти и донатори, јавен настап и застапување; Членовите ќе се именуваат за време од четири години, со право на повторен избор.

6. Рокот за доставување на предлозите за кандидати е 5 работни денови, започнувајќи од 02.03.2026 година и ќе трае заклучно со 06.03.2026 година.

7. Документацијата од точка 4 се поднесува на следната адреса:

Совет на Општина Битола- Комисија за мандатни прашања, избори и именување „Бул. 1 Мај бр. 61“- Битола, со назнака „ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**Бојан Бојкоски**

**Бр.09- 31/1**
**02.03.2026 год.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА БИТОЛА